ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ТЕХНИЧКО УПАТСТВО

## За начинот на фактурирање и доставување фактури и спецификации од аптеките по референтни цени за лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

По воведувањето на системот со референтни цени според кој лековите кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, треба да се издаваат во рамки на износот на средствата кој претставува збир од референтни цени и ДДВ за издадените лекови, со Договорот за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита.

Аптеките ќе ги фактурираат овие лекови до Фондот на ист начин како и досега, односно на **референтната цена без ДДВ** се додава **надоместокот за здравствена услуга** според Одлуката за висината на надоместокот за здравствената услуга (скалест систем) за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита (аптеки). Збирот на референтната цена без ДДВ и надоместокот за здравствена услуга претставува основица за пресметување на данок (**даночна основица**). На оваа даночна основица се пресметува ДДВ во висина на пропишаната стапка за ДДВ за лекови во износ од 5%. Цената по која ќе се фактурира лекот претставува збир од даночната основица и износот на ДДВ. На овој износ се пресметува партиципација кое секое осигурено лице мора да ја плати како учество при подигање на лекот на рецепт, освен во случај кога осигуреното лице е ослободено од партиципирање согласно Законот за здравствено осигурување.

Фактурирањето и доставувањето на фактурите и спецификациите и понатаму ќе се врши во **пишана** и **електронска форма,** согласно техничкото упатство.

Доставувањето на податоците до Фондот може да се врши и на друг медиум освен дискета (CD, USB меморија, итн.) поради што се менува делот од постоечкото упатство за конвенцијата на имињата на датотеките кои аптеките ги доставуваат до Подрачните служби на Фондот.

Бидејќи датотеките за рецепти и за спецификација на рецепти се доставуваат на 2(две) посебни дискети, за што нема потреба при доставување на CD или USB меморија, Фондот воведува измена во начинот на формирање на екстензијата во името на датотеката. Имињата на датотеките при трансферот и понатаму ќе биде во облик **MMNNNNNN.YYZ** каде што:

- **MM** е месец за кој се однесуваат фактурите, односно спецификацијата
- **NNNNNN** е шифрата на аптеката
- **YY** е годината за која се однесуваат
- **Z** добива вредност **R** доколку се доставуваат **рецепти** односно **S** доколку се доставуваат спецификации.